Министерството за култура на Република Македонија во Музејот на современа уметност во Скопје одржа јавна презентација на нацрт - стратегијата за културен развој на Република Македонија за 2018 – 2022 година и на нацрт - акцискиот план за 2018 година, на која присуствуваа околу 100 претставници на културните институции и установи, граѓанските организации од културата, видни уметници и културни работници. На присутните им се обрати министерот за култура на Република Македонија, Роберт Алаѓозовски...



Почитувани партнери, колеги и соработници, драги културни работници и уметници;

Со денешната презентација и дискусија, заокружуваме еден важен, сложен и макотрпен

процес, кој со ваша поддршка беше изведен успешно, иако во речиси невозможни рокови и услови. Затоа, дозволете ми, уште на самиот почеток, на сите што учествувавте и се вложивте безрезервно, да ви честитам на постигнатиот резултат.

Без оглед на предизвиците, во овие три месеци обезбедивме суштинска јавна расправа, со директна вклученост на актери од сите засегнати страни, низ цела земја. Производ на таа соработка се овие два документи, кои треба да претставуваат водилка во спроведувањето на новите културни политики во наредните 5 години. Преку 15-те средби и дебати низ цела Македонија со учество на стотици претставници на институциите, граѓанските организации и групи на уметници и културни работници; преку извештаите и предлозите на институциите од културата, преку десетиците предлози кои дојдоа од различни вонинституционални актери, преку нашите посети во речиси сите градови и културни установи низ земјата и извештаите на нашите стручни служби, добивме реален приказ за сегашните состојби и за приоритетните потреби на нашата култура, како и одлични предлози и решенија за проблемите, со кои се соочуваме повеќе години наназад.





